**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

# У П А Т С Т В О
# ЗА ФОРМАТА, ЧУВАЊЕТО И УПОТРЕБАТА НА ПЕЧАТИТЕ И ШТЕМБИЛИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, февруари 2018 година**

Врз основа на членот 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10 и 23/13), и членовите 4, 5 и 6 од Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 86/2008), Правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" број 149/2009) и членот 22 од Уредбата за канцелариско и архивско работење ("Службен весник на Република Македонија" број 1/14), донесувам

# УПАТСТВО
## за формата, чувањето и употребата на печатите и штембилите на Собранието на Република Македонија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство се регулира формата, големината, содржината на печатите и штембилите, начинот и постапката на чување и употреба на печатите и штембилите на Собранието на Република Македонија.

Обликот на печатите и штембилите е во согласност со законските прописи.

Собранието на Република Македонија за ракување користи три печати и три шембили во облик и форма согласно со законските прописи.

## II.ПЕЧАТИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 2

Печатите на Собранието на Република Македонија служат за потврдување на автентичноста на актите што ги донесува или упатува Собранието на Република Македонија.

Печатите на Собранието на Република Македонија се ставаат и на документите што ги донесува и кои ги упатува до трети лица.

Печатите имаат форма на круг кој го содржи следниов текст:

-“РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ во долната страна “СКОПЈЕ“ испишан во првиот ред на концентричниот круг,

- “СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ испишано во вториот дел на концентричниот круг и

- во средината на кругот е апликација на грбот на Република Македонија.

### Член 3

Собранието на Република Македонија има три истоветни по содржина и форма печати, кои се чуваат и употребуваат од страна на соодветните Сектори и тоа:

-Печат со пречник од 32 мм- Сектор за административни работи, одделение за архивско работење и општи работи;

-Печат со пречник од 20 мм - Сектор на генералниот секретар на Собранието, одделение за поддршка на работата на генералниот секретар;

-Печат со пречник од 20 мм (обележан со римски број I)- Сектор за финансиски прашања , одделение за сметководство и плаќање

Печатите се изработени од гума, пластика, метал или од друг соодветен материјал.

## III. ШТЕМБИЛИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 4**

Штембилот на Собранието на Република Македонија (во понатамошниот текст штембилот) се употребува за евидентирање на акти и други писма на Собранието на Република Македонија.

Штембилот служи и за означување на коверти и други омоти со кои се доставува службената пошта на Собранието на Република Македонија.

Штембилот има форма на правоаголник со големина 60х30мм.

Штембилот ги содржи следниве елементи: во средината на првиот ред е апликација на грбот на Република Македонија, текст "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" е во вториот ред одозгора, "СОБРАНИЕ" во третиот ред, "НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" во четвртиот ред, "БР.___________ "во петтиот ред, простор за впишување на архивскиот број на актот и "___________ГОДИНА" во шестиот ред, простор каде што се впишува датумот на издавањето на предметниот акт, и "СКОПЈЕ" во седмиот и последен ред.

Текстот на штембилот е испишан хоризонтално во симетрично подредени делови сметано од средината спрема краевите.

Отисокот на штембилот се става во заглавието на актот од неговата лева страна или може да биде отпечатен во заглавието на актот или на другите писмена.

**Член 5**

Приемниот штембил има облик на правоаголник со димензии 65х40мм.

Приемниот штембил го содржи следниот текст:

-"РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" во првиот ред одозгора,

-"СОБРАНИЕ " во вториот ред,

-"НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"-СКОПЈЕ во третиот ред,

Под овој текст во штембилот има табела (65х23мм) која има три реда и четири колони кои се сместени во двата последни реда. Во првиот ред е впишан текстот "ПРИМЕНО", во вториот ред, во првата колона впишан е текстот " ОРГ. ЕДИНИЦА", во втората колона впишан е текстот "БРОЈ", во третата колона впишан е текстот "ПРИЛОГ" и во четвртата колона впишан е текстот "ВРЕДНОСТ".

Приемниот штембил се чува и употребува во Секторот за административни работи - Одделение за архивско работење и општи работи.

**Член 6**

Штембилот за архивирање има облик на правоаголник со димензии 60х35 мм.

Штембилот за архивирање на актите го содржи следниот текст:

-"СОБРАНИЕ" во првиот ред одозгора, "НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" во вториот ред. Под овој текст во штембилот има табела (60х25мм) која има три реда. Во првиот ред е впишан текстот "ВО АКТА-АРХ.БРОЈ:", во вториот ред "СРОК НА ЧУВАЊЕ:", во третиот ред е впишано "______20__ГОД" "СКОПЈЕ" и "ПОТПИС" со црта за потпис.

Штембилот за архивирање на актите се чува и употребува во Секторот за административни работи - Одделение за архивско работење и општи работи.

**Член 7**

Штембилот на Собранието на Република Македонија со димензии 25х15 мм со содржина "СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ",се чува и употребува во Сектор на генералниот секретар на Собранието, Одделение за поддршка на работата на генералниот секретар на Собранието

**Член 8**

Штембилите се изработени од гума, пластика, метал или од друг соодветен материјал.

Штембилот се чува на ист начин на кој се чува и печатот.

## IV.ЕВИДЕНЦИЈА И РАКУВАЊЕ СО ПЕЧАТИТЕ И ШТЕМБИЛИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 9**

Собранието на Република Македонија за печатите кои ги има води писмена евиденција-преглед.

Евиденцијата содржи број и дата на одлуката - односно на актот со кој е набавен печатот, отпечаток на печатот, почеток на употреба, потпис на задолженото лице за употреба на печатот, неговото ставање вон употреба и забелешка.

Евиденцијата за печатите и штембилите кои се употребуваат во Собранието на Република Македонија ја води Секторот за административни работи.

**Член 10**

Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија дава овластување на службеник на кој ќе се довери чувањето и ракувањето со печатите и штембилите (Прилог 1, Прилог 2 и Прилог 3)на Собранието на Република Македонија.

**Член 11**

Вработениот кој е овластен да ги чува и да ракува со печатите и штембилите е должен да ги чува на начин што оневозможува неовластено користење на истите.

**Член 12**

Печатот се чува и употребува во службените простории на Собранието на Република Македонија.

По исклучок ако се презема службено дејствие надвор од службените простории печатот може да се употребува и надвор од Собранието на Република Македонија од овластениот државен службеник.

**Член 13**

Печатот со пречник од 32 мм на Собранието на Република Македонија се става само на службените акти кои се потпишани од овластени лица за потпис (Прилог 4).

**Член 14**

Со денот на примената на ова упатство престанува да важи Упатството за формата, чувањето и употребата на печатите и штембилите на Собранието на Република Македонија број 02-5390/1 од 24.12.2009 година.

**Член 15**

Постапувањето спротивно на одредбите од ова Упатство е предмет на постапка согласно позитивните законски прописи.

**Член 16**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето, и се објавува на веб страната на Собранието на Република Македонија.

Број 01-884/1
02 февруари 2018 година
Скопје

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Цветанка Иванова